# Задржување од имиграциски причини во Северна Македонија

Јануари - Декември 2023



# Задржување од имиграциски причини во Северна Македонија

Јануари - Декември 2022

Издавач
Македонско здружение на млади правници

Уредник
Теодора Ќосева Костадиновска

Автор
Игор Стојчевски

Скопје, Мај 2024

# 1. ВОВЕД

Во 2023 година, лицата во движење продолжија со своето транзитирање низ Република Северна Македонија притоа користејќи илегални премини и криумчари. Задржувањето од имиграциски причини остава простор за прекршување на основните човекови права за секој странец кој ќе биде задржан, посебно за децата странци. Децата не смеат да бидат задржани во ниту еден случај или пак задржувањето треба да служи како последна мерка.

МЗМП секоја недела имаше по две посети во центарот за задржување на странци (Прифатен центар за задржување на странци) и повремено кога центарот имаше потреба од помош од страна на МЗМП, но со ограничен пристап до лицата кои беа задржани таму. МЗМП имаше можност да информира само мал број на лица задржани во центарот околу нивните права и можноста да поднесат барање за меѓународна заштита.

Овој извештај содржи инфорамции за профилот на лица кои биле задржани, нивната националност, основот за задржување и ограничувањето на слободата на движење во постапката за азил. Податоците и проблемите поврзани со задржувањето, кои се прикажани во овој извештај, имаат за цел да послужат како почетна точка во понатамошните чекори кон подобрување и заштита на правата на оние кои се засегнати од задржувањето поради имиграциски причини.

Сите податоци прикажани во овој извештај се базираат на јавно достапни и добиени информации, но и на податоците за лицата кои се задржани во ТЦ Винојуг, ТЦ Табановце и ПЦ за странци, до кои МЗМП има пристап.

# 2. ЗАДРЖУВАЊЕ ВО ПРИФАТНИОТ ЦЕНТАР ЗА СТРАНЦИ

Прифатниот центар за странци е единственото место за задржување на странци од имиграциски причини во Република Северна Македонија. Според Законот за странци, странец може да биде привремено задржан додека да се заврши неговата постапка за депортација, но не подолго од 24 часа.[1] Согласно Член 159 од истиот закон, странец на кого не може да му се заврши постапката за депортација може да биде сместен (задржан) во Прифатниот центар за странци.[2] Постојат неколку основи врз база на кои странец може да биде задржан во државава. Едниот од нив е кога странец престојува незаконски во Република Северна Македонија, исто така кога постои одлука за депортација, но странецот не поседува патен документ и баратели на азил за кои е донесена одлука за ограничување на слободата на движење.

Во 2023 година, 549 странци биле задржани во овој центар. Ова е големо зголемување во вкупниот број во споредба со 2022 година кога 139 странци биле задржани во ПЦ за странци и 177 лица кои беа задржани во 2021 година. Повеќето од задржаните лица се мажи (373), но имало и 56 задржани жени и 120 деца од кои 51 биле непридружувани малолетници. Според достапните податоци, поголем дел од нив биле од Сирија, Турција, Пакистан и Конго. За сите овие лица било изготвено решение за задржување во ПЦ за странци. МЗМП не поседува информации околу основот врз база на кои се донесени овие решенија. Сепак, како главна причина поради која се задржуваа лицата странци е да послужат како сведоци во кривичните постапки против криумчари.

## Задржани лица во ПЦ за странци




[1] https://mvr.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20stranci%20precisten%20tekst%20(1).pdf, Член 158, став 1;

[2] Ibid, Член 159;

Почувајќи од 1ви Април 2023 година, Frontex – Европска служба за гранична и крајбрежна стража и Република Северна Македонија започнаа заедничка операција со која Европските гранични служби поддржани од локалните власти спроведуваат мониторниг и гранична контрола вклучувајќи патролирање, проверка на документи и собирање на информации за преку-граничен криминал. Почетокот на оваа заедничка операција е важна во борбата против криминалот и менаџирањето на нерегуларната миграција. Претходно, најголем дел од лицата во движење беа задржани како сведоци во кривична постапка во ТЦ Винојуг и ТЦ Табановце, но со започнување со работа на Frontex оваа пракса се измени. Земајќи го во предвид бројот на задржани лица во движење во 2023 година, поголем дел од нив беа задржани во ПЦ за странци додека да дадат изјава пред надлежен јавен обвинител со изготвено решение за нивно задржување.

Во 2023 година, МЗМП спроведе 59 посети во ПЦ за странци и имаше можност да разговара со 10 лица кои беа задржани таму. Бројот на лица со кои МЗМП имаше можност да разговара е многу мал бидејќи сите задржани лица мораа да дадат изјава пред надлежен јавен обвинител и дури тогаш дел од нив добија можност да остварат контакт со МЗМП околу постапката за азил во Република Северна Македонија. Најчесто на претставниците на МЗМП не им беше дозволено да разговараат со задржанисте лица се додека тие не беа изнесени пред суд или јавен обвинител.

## ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО НА ЗАДРЖАНИТЕ ЛИЦА




Во 2023 година, немаше депортирани лица согласно договорите за реадмисија. Дополнително, 44 задржани лица беа протерани/присилно отстранети од територијата на Република Северна Македонија. За сите нив беше изготвена одлука и потоа истите беа протерани од територијата на Република Северна Македонија.

| Реден број | Држава | Број |
|---|---|---|
| 1 | Косово | 9 |
| 2 | Грција | 6 |
| 3 | Србија | 5 |
| 4 | Албанија | 5 |
| 5 | Турција | 16 |
| 6 | Холандија | 1 |
| 7 | Франција | 1 |
| 8 | Германија | 1 |
| **ВКУПНО** | | **44** |

Поголемиот дел од задржаните лица беа дел од инциденти со криумчарење и задржувањето послужи како механизам за обезбедување на тие лица како сведоци во постапките против криумчарите.

Во текот на целата година, четирите Регионални центри за гранични работи во Република Северна Македонија, имаат поднесено 66 кривични пријави против криумчари. Преку овие случаи, полицијата спречи криумчарење на 910 лица. Во 2023 година, полицијата не регистрирала кривични дела на “трговија со луѓе”. Меѓутоа биле регистрирани пет кривични дела на “трговија со деца” за кои полицијата поднела кривични пријави против 31 лице за осум сторени кривични дела. Жртвите на овие кривични дела беа четири деца (девојчиња) на возраст од 15, 16 и 17 години.

# 3. ЗАДРЖУВАЊЕ ВО ТРАНЗИТНИТЕ ЦЕНТРИ

Статусот на транзитните центри осма година по ред остана недефиниран. Ова е важно поради тоа што почитувањето на основните човекови права на лицата сместени таму остана нејасен, а и правата на лицата не се дефинирани. Со самото тоа не постои механизам за заштита во случај на евентуални прекршувања.

## ТЦ Винојуг

Праксата на задржување на лицата во движење во ТЦ Винојуг продолжи и во 2023 година, но со намален интензитет во споредба со изминатата година најмногу поради присуството на Frontex на јужната граница. МЗМП нема податоци околу просечното време за кое овие лица биле задржани.

Во текот на целата година, во ТЦ Винојуг беа задржани 41 лице во кривичните постапки против криумчари. Најголем дел од нив се мажи (20), но имаше и 3 задржани жени и 18 деца од кои 16 беа непридружувани малолетници со назначен старател.

## Задржани лица во ТЦ Винојуг




## ТЦ Табановце

ТЦ Табановце е центар кој во најголема мера се користи за сместување на лица во движење, но во одредени случаи истиот се користеше за задржува на лица кои биле откриени од страна на полицијата во акции за спречување на криумчарење. На задржаните лица не им било изготвено решение за задржување. Исто така не беше регистрирано присуство на Frontex во овој центар. Просечното време на задржување на лицата во овој центар е многу пократок за разлика од претходните години.

Според статистиките на МЗМП, во 2023 година биле задржани 64 лица. Од нив 40 биле мажи, а 11 жени. Во овој период биле задржани 13 деца од кои 5 биле непридружувани малолетници.

## Задржани лица во ТЦ Табановце



# 4. ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА АЗИЛ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во новиот Закон за меѓународна и привремена заштита (ЗМПЗ), постојат одредби со кои се предвидува можност за ограничување на слободата на движење на баратели на азил во рок од три месеци со одлука донесена од страна на Министерството за внатрешни работи[3].

Слободата на движење може да биде ограничена преку некоја од двете понудени мерки. Првата е преку ограничување на движењето надвор од Прифатниот центар за баратели на азил или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика. Втората се однесува на сместување во Прифатниот центар за странци, кое е најчесто користено место каде што се сместени лицата на кои им е ограничена слободата на движење[4].

Во текот на 2023 година не биле донесени одлуки за ограничување на слободата на движење за баратели на азил, за разлика од 2022 година кога биле донесени 12 решенија врз истиот основ.

Согласно Член 12 од Уставот на Република Северна Македонија, судот треба да донесе одлука за ограничување на слободата[5]. Во истиот член е наведено дека лицето треба да биде повикано пред судот во првите 24 часа и судијата треба да одлучи за ограничувањето на слободата. Ова укажува дека оваа постапка е итна. Исто така, ЗМПЗ укажува дека постапката за ограничување на слободата на движење треба да биде итна притоа внимавајќи на сензитивноста и можноста за прекршување на основните човекови права[6].

Алтернативите на задржувањето треба да бидат земени во предвид, посебно што ЗМПЗ содржи членови со кои таквите алтернативи се ставаат на располагање за барателите на азил со ограничена слобода на движење.

3 Закон за меѓународна и привремена заштита, член 63-67;

4 Ibid, член 64, став 1;

5 Устав на Република Северна Македонија, член 12;

6 Закон за меѓународна и привремена заштита, член 65, став 4;

# 5. ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Согласно сѐ истакнато во овој извештај, беа извчелени неколку главни заклучоци и препораки кои треба да бидат земени во предвид. Претставените факти и бројки треба да служат како насока за сите идни планирања и во постапките за градење на идни политики.

## Главни заклучоци:

- **Постои големо зголемување во бројот на задржани лица во ПЦ за странци во 2023 година (549), во споредба со 2022 година (139);**

- **Почетокот на заедничката акција помеѓу Frontex и Република Северна Македонија влијаеше на вкупните бројки, трендовите и задржувањето;**

- **Вкупниот број на задржани лица во 2023 година (654) претставува намалување во споредба со 2022 година (982);**

- **Ова намалување во бројот на задржани лица е поради присуството на Frontex и фактот што сведоците во кривичните постапки беа сместени во ПЦ за странци;**

- **Одлуки за задржување на лица во ТЦ Винојуг и ТЦ Табановеце не беа изготвени за разлика од ПЦ за странци каде што вакви решение беа изготвувани. МЗМП нема информации за основот врз база на кој овие решенија беа донесени;**

- **Половина од задржаните лица беа вратени во некоја од соседните држави, најмногу во Грција од каде што истите и влегле во Северна Македонија. Останатите поднеле барање за признавање на правото на азил и беа сместени во ПЦ за баратели на азил, но најголем дел од нив го напуштија овој центар во првте неколку дена;**

## Препораки:

- **Ефективна правна помош и можноста за соодветно оспорување на законитоста на одлуките за задржување е многу важно и придонесува за заштитата на правата на задржаните лица;**

- **Обезбедување на присуство на сведоци во кривични постапки преку нивно задржување е противзаконско. Соодветни алтернативи треба да бидат на располагање за овие лица;**

- **Задржувањето на деца не треба да се применува и треба да постојат алтернативи за задржување на деца;**

- **Одложувањето на постапката за поднесување на барање за признавање на правото на азил поради давање на изјава пред надлежен Јавен обвинител е пракса која што треба да се промени во иднина со цел спречување на ограничување на основите човекови права на овие лица;**

Македонско здружение на млади правници (MYLA) е независна, професионална и непрофитна организација која обезбедува правна помош и застапување за заштита на човековите права.

МЗМП е организација која во Република Северна Македонија обезбедува бесплатна правна помош и застапување на баратели на азил, бегалци, лица без државјанство и други лица од интерес во постапките поврзани со азил, законски престој и други социјални права.


МЗМП

**Македонско здружение на млади правници (МЗМП)**

ул. Донбас бр. 14/1-6 1000 Скопје

www.myla.org.mk | contact@myla.org. mk

FB: facebook.com/younglawyersmacedonia

IG: instagram.com/myla_mzmp

тел. 02/ 3220 870